| 1 | Изградба на коловоз на ул. Крушевска република од стационажа 0+490 до 0+630,45 Л=140,45 фаза 1 | 45000000-7 | Работи | Поедноставена отвроена постапка | 4.695.220,33 | Август | Согласно програма за уредув градежно земјиште за 2019 |
| 2 | Изградба на улично осветлување на ул. Крушевска република – делница 1 | 45000000-7 | Работи | Набавка од мала вредност | 354.000,00 | Август | Согласно програма за уредув градежно земјиште за 2019 |
| 3 | Изработка на ентериер на кино Манаки | 45000000-7 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 7.320.006,00 | Август | Согласно програма за уредуван градежно земјиште за 2019 |
| 4 | Надзор над изработка на ентериер на кино Манаки | | Услуги | Набавка од мала вредност | 211.865,00 | Август | Согласно програма за уредуван градежно земјиште за 2019 |

**Број:08-20/5/2019**
**12.08.2019год.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
***М-р Наташа Петровска***

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Наташа Димитриевска
- Гордана Јоновска
- Билјана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки Сл. весник бр.24/2019, Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки Сл.весник бр. 64/2019, Битола врши ЧЕТВРТА измена и дополнување на

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНА БИТОЛА**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 5 | 8 |
| 1 | Превозни услуги во образованието – посебен линиски превоз на ученици за учебната 2019/2020 година | 60140000-1 | Услуги | Отворена постапка | 7.000.000,00 | Август | Согласно Законот за задолжително основно и средно образование-Групна јавна набавка. |
| 2 | Превозни услуги во образованието – меѓуопштински линиски превоз на ученици за учебната 2019/2020 година | 60130000-8 | Услуги | Отворена постапка | 10.000.000,00 | Август | Согласно Законот за задолжително основно и средно образование-Групна јавна набавка. |

**Број:08-20/6/2019**
**27.08.2019год.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
*М-р Наташа Петровска*

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Наташа Димитриевска
- Билјана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки Сл. весник бр.24/2019, Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки Сл.весник бр. 64/2019, општина Битола врши ПЕТТА измена и дополнување на:

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНА БИТОЛА

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 5 | 8 |
| 1 | Набавка на моторни возила | 34100000-8 | Стоки | Отворена постапка | 15.990.000,00 | септември | Согласно потребите за работа |
| 2 | Изработка на техничка документација за градба за ул.Довлеџик со Л=500м | 71320000-7 | Работи | Отворена постапка | 518.400,00 | сетември | Согласно програма за работа |

**Број:08-20/7/2019**
**03.09.2019год.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
***М-р Наташа Петровска***

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Гордана Јоновска
- Наташа димитриевска
- Билјана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-2016
01-10-2019 20 ГОД.
БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки Сл. весник бр.24/2019, Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки Сл.весник бр. 64/2019, општина Битола врши **ШЕСТА** измена и дополнување на:

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНА БИТОЛА**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 5 | 8 |
| 1 | Ревизија на основни проекти ул. Булевар I- ви Мај, Димитар И.Мурато, Цане Василев, Македонска фаланга, Браќа Џаферови, Димитар Влахов с.Барешани, с.Дихово | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 939.870,00 | септември | Согласно програма за работа |
| 2 | Изработка на основни проекти за реконструкција на линиски инфраструктуран објект за ул. Македонска Фаланга | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 341.315,00 | сетември | Согласно програма за работа |
| 3 | Изградба на локален пат од с.Кажани до с.Маловишта – I фаза | 45000000-7 45233100-0 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 23.580.036,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 4 | Изградба за системи за одведување и пречистување на отпадни води за ул.Крушевска република | 45000000-7 45232411-6 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 297.784,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Изградба на капацитети водоснабдување на ул.Крушевска република | 45000000-7<br>45232151-5 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 723.360,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 6 | Изградба на други објекти – Уредување на излетничко место во с.Лопатица | 45000000-7 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 6..239.956,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 7 | Реконструкција на ул. Бранко Радичевиќ | 45000000-7<br>45233100-0 | Работи | Поедноставена отвроена постапка | 1.584.780,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 8 | Изградба за системи за одведување и пречистување на отпадни води за ул/ Бранко Радичевиќ | 45000000-7<br>45232411-6 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 2.010.269,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 9 | Изградба за системи за одведување и пречистување на отпадни води - кашаци и шахти во с.Д оризари | 45000000-7<br>45232411-6 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 479.552,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 10 | Изградба на капацитети за водоснабдување на ул. Довлеџик | 45000000-7<br>45232151-5 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 2.444.084,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 11 | Изградба на капацитети за водоснабдување на ул. Бранко Радичевиќ | 45000000-7<br>45232151-5 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 1.121.966,00 | Септември | Согласно програма за уреду градежно земјиште за 2019 година |
| 12 | Надзор над изградба на улици во населено место Д.оризари | 71520000-9 | Услуги | Набавка од мала вредност | 120.000,00 | Септември | Согласно договор за грант |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Спроведување на анкета и испитување на јавното мислење за родова перспектива | 79300000-7 79000000-4 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Септември | Согласно програма за работа |

**Број:08-20/8/2019**
**01.10.2019год.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
***М-р Наташа Петровска***

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Гордана Јоновска
- Наташа димитриевска
- Билјана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки Сл. весник бр.24/2019, Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки Сл.весник бр. 64/2019, општина Битола врши **СЕДМА** измена и дополнување на:

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА**
**НА ОПШТИНА БИТОЛА**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 5 | 8 |
| 1 | Изработка на елаборати /извештаи за сеизмички параметри за објекти на општина Битола | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | октомври | Согласно програма за л економски развој за 2019 година |
| 2 | Подготвување на проектна документација за ДГ Снегулка Битола | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 500.000,00 | октомври | Согласно програма за за л економски развој за 2019 година. |
| 3 | Подготвување на проектна документација – Сообраќајна студија | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 620.000,00 | октомври | Согласно програма за за л економски развој за 2019 година. |
| 4 | Изградба на настрешница во функција на објект во пазарот | 45000000-7 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 15.410.236,00 | Октомври | Согласно програма за уредува градежно земјиште за 2019 годин |
| 5 | Пумпна станица во с.Лисолај | 45000000-7 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 1.969.368,00 | Октомври | Согласно програма за уредува градежно земјиште за 2019 годин |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Санација на тоалети во ОУ Елпида Караманди | 45000000-7 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 2.500.000.00 | Октомври | Согласно програма за уредува градежно земјиште за 2019 годин |
| 7 | Санација на тоалети во СТДУ Ѓорги Наумов | 45000000-7 | Работи | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | Октомври | Согласно програма за уредува градежно земјиште за 2019 годин |
| 8 | Игралиште на тепсија | 45000000-7 | Работи | Набавка од мала вредност | 615.000,00 | Октомври | Согласно програма за уредува градежно земјиште за 2019 годин |
| 9 | Санација на споменици | 45000000-7 | Работи | Набавка од мала вредност | 1.000.000,00 | Октомври | Согласно програма за уредува градежно земјиште за 2019 годин |
| 10 | Изработка на Ревизија за УП за с. Дихово со површина на плански опфат од 72ха | 71240000-2<br>71410000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 120.000.00 | Октомври | Согласно програма за работа |

**Број:08-20/9/2019**
**18.10.2019год.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
***М-р Наташа Петровска***

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Гордана Јоновска
- Наташа димитриевска
- Билјана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки Сл. весник бр.24/2019, Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки Сл.весник бр. 64/2019, општина Битола врши **ОСМА** измена и дополнување на:

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНА БИТОЛА

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 5 | 8 |
| 1 | Изработка на ревизија на основен проект за изградба на улици :<br>1: Реконструкција на ул.,, Ари Анѓеловски,,- Битола Л=170м( фаза коловоз и фаза електротехника<br>2: Реконструкција на ул.,,Сутјеска,,- Битола Л= 150м (фаза коловоз)<br>3: Реконструкција на ул.,. Струшка,, Битола (фаза коловоз)<br>4: Дополнување на Основоен проект за линиска инфраструктурна градба – Измени во тек на градба за ул.Довлеџик Л= 520 м (фаза коловоз и фаза електротехника)<br>5: Реконструкција на ул.,, Љубојно,,- Битола Л=300 м (фаза коловоз)<br>6: Реконструкција на ул.,,2-ри Август,, Битола Л=165 м(фаза коловоз)<br>7: Реконструкција на ул.,, Тошо Даскалот,, Битола Л=600м (фаза коловоз)<br>8: Реконструкција на ул,, СТУ 1 и СТУ 2,,(кај Кеопс) Битола Л=245 м (фаза коловоз и фаза електротехника) | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 1.122.700,00 | октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 9: Основен проект за коловоз на лок... ч пат за с.Брусник Л= 1460м<br>10:проектна документација за реконструкција на локален пат до с.Острец Л=3400<br>11: Основен проект за изградба на улици за с. Острец Л= 1200<br>12: Основен проект за изградба на улици во с.Мечитлија – Крак 1 и Крак 2 - Л=820м<br>13: Основен проект за реконструкција на локален пат за с.Магарево Л= 2000м | | | | | | |
| 2 | Подготвување на проектна документација за Паркинг (Гт Работнички) | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 240.000,00 | октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |
| 3 | Подготвување на АУП за Цермат и Млекара и гасификација | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 610.000,00 | октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |
| 4 | Подготвување на проектна документација за МЗ Чинар П=400 м2 | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 400.000,00 | Октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |
| 5 | Подготвување на проектна документација за пешачка улица на Тумбе кафе до ЗОО Л=600м | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 240.750,00 | Октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |
| 6 | Подготвување на проектна документација за реконструкција на ул. Кленовец со Л=700 м | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 100.000,00 | Октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |
| 7 | Подготвување на проектна документација за реконструкција на ул.Пробиштип сп Л=170м | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 125.175,00 | Октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |
| 8 | Подготвување на проектна документација за реконструкција на ул.Ѓорѓи Ѓоргиев Цоца | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 135.000,00 | Октомври | Согласно програма за економски развој за 2019 година. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Подготвување на проектна документација за пешачки патеки низ Тумбе кафе со Л=6000м со ш=2.00 м | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 200.000,00 | Октомври | Согласно програма за ј економски развој за 2019 година. |
| 10 | Подготвување на проектна документација за с. Драгарино, с.Драгожани, с.Ротино, с.Жабени, с.Кременица, С.Мецитлија, с.Ѓавато и с.Раштани Л= 4500м | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 557.550,00 | Октомври | Согласно програма за ј економски развој за 2019 година. |
| 11 | Подготвување на проектна документација (основни проекти и ревизија на основени проекти) за с. Мецитлија, с.Раштани с.Егри | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 444.700,00 | Октомври | Согласно програма за ј економски развој за 2019 година. |
| 12 | Подготвување на техничка документцаија за ревитализација на улици во Битола | 71000000-8 | Услуги | Отворена постапка | 2.600.000,00 | Октомври | Согласно програма за ј економски развој за 2019 година |
| 13 | Средство против мрзнење | 24000000-4<br>24312120-1 | Стоки | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | Ноември | Согласно програма за организи функционирање на зимска служб |
| 14 | Изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води за ул. Крушевска република - втора фаза | 45000000-7 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 510.000,00 | Ноември | Согласно програма за уредув градежно земјиште за 2019 годин |
| 15 | Изградба на капацитети за водоснабдување за ул. Крушевска република – втора фаза | 45000000-7<br>45232151-5 | Работи | Член 24 од ЗЈН | 2.109.843,00 | Ноември | Согласно програма за уредув градежно земјиште за 2019 годин |
| 16 | Занаетчиски услуги | 45000000-7<br>50000000-5 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 830.000,00 | Ноември | Согласно програма за уредув градежно земјиште за 2019 годин |
| 17 | Средства за смирување на сообраќајот околу школото ОУ Даме Груев | 45000000-7<br>45233290-8<br>45233294-6 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 799.400,00 | Ноември | Согласно програма за одржув комунални објекти и инстал локална патна мрежа и ули О.Битола 2019 година |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Средства за смирување на сообраќајот околу школото кај новиот пазар (семафор) | 45316212-4 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 700.000,00 | Ноември | Согласно програма за одржув комунални објекти и инстал локална патна мрежа и ули О.Битола 2019 година |
| 19 | Средства за смирување на сообраќајот околу школо СДМУ д-р Јован Калаузи | 45000000-7<br>45233290-8<br>45233294-6 | Работи | Набавка од мала вредност | 500.600,00 | Ноември | Согласно програма за одржув комунални објекти и инстал локална патна мрежа и ули О.Битола 2019 година |
| 20 | Набавка на 10(десет) интерактивни табли за потребите на училиштата под ингеренции на општина Битола | 39162000-5 | Стоки | Набавка од мала вредност | 550.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 21 | Набавка на печки за греење за потребите на училиштата под ингеренции на општина Битола | 39715200-9<br>39715240-1 | Стоки | Набавка од мала вредност | 48.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 22 | Набавка на ПП апарати за објекти под ингеренции на општина Битола | 35111000-5<br>35111300-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 50.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 23 | Дополнителна набавка на гориво за возилата на општина Битола и ТППЕ | 09130000-9<br>09132000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 400.000,00 | ноември | Согласно програма за работа |
| 24 | Набавка на униформи за потребите на вработените на ТППЕ | 18110000-3 | Стоки | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 25 | Набавка на професионална камера и опрема за снимање и сликање за потребите на општина Битола | 32321200-1<br>32322000-6<br>32321100-0 | Стоки | Набавка од мала вредност | 615.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Набавки на гуми за специјалните возила на ТППЕ | 34000000-7 | Стоки | Набавка од мала вредност | 250.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 27 | Големо озвучување со осветлување за дочекот на Новата 2020 година на плоштад | 92000000-1 | услуги | Набавка од мала вредност | 65.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 28 | Изработка на ревидирана техничка документација за рехабилитација на улици. | 71000000-8 | услуги | Отворена постапка | 1.611.349,00 | Ноември | Согласно програма за економски развој за 2019 година |
| 29 | Редизајнирање на Кружен тек кај месноста ДУЛИЕ во Битола | 71242000-6<br>71240000-2 | Услуги | Конкурс за избор на идејно решение | 100.000,00 | Ноември | Согласно програма за работа |
| 30 | Компјутерска опрема и софтвер | 30000000-9 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.091.500,00 | Ноември | Согласно програма за работа |

**Број:08-20/9/2019**
**11.11.2019год.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
***М-р Наташа Петровска***

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Гордана Јоновска
- Наташа димитриевска
- Билјана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки Сл. весник бр.24/2019, Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки Сл.весник бр. 64/2019, општина Битола врши **ДЕВЕТТА** измена и дополнување на:

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНА БИТОЛА

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 5 | 8 |
| 1 | Регистрација на моторни возила на О.Битола и ТППЕ | 63700000-6 | Услуги | Набавка од мала вредност | 130.000.00 | Декември | Согласно програма за работа |

**Број:08-20/10/2019**
**23.12.2019год.**

ГРАДОНАЧАЛНИК
*М-р Наташа Петровска*

Изготвил: Славица Димитровска
Контролирале:
- Гордана Јоновска
- Наташа димитриевска
- Биљана Димитровска
Одобрил: Наташа Лукиќ
Согласен: Слободан Најдовски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 02-09-2021
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |

**До** **Бр. 41-346/5**

**Стефанија Боцевска** **02.09.2021**

**Помлад соработник во одделение за**

**правно – нормативни работи**

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-346/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] со поддршка од УНИЦЕФ, како и доставениот одговор од одделението за јавни дејност.

Ве молам за писмено известување по однос на доставеното барање во рок од 3 работни дена, во врска со точките кои се однесуваат на работата на Советот за детско престапништво.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Примил:
02.09.2021

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

41-346/5/1
02.09.2021

# ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-2/1
02.09.2021 год.
Б и т о л а

До
Одделение за јавни дејности

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер-
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: **Известување во врска со барање бр.41-346/5 од 02.09.2021**

Почитувана,

Во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Бр.03-25/1 од 17.08.2021год., заведено под Ваш број 41-346/5 од 22.09.2021 година, Ве известуваме дека Советот на општина Битола на ден 29.01.2019 година, Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда на децата („Сл.Весник на РМ"бр.148/2013) донесе Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво Бр.09-03/10 од 29.01.2019год., како и Решение за именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола Бр.09-03/11 од 29.01.2019год.

На ден 09.03.2020 година, Советот на општина Битола ја донесе Програмата за превенција на детско претстапништво 2020 година Бр.09-20/10 од 09.03.2020 год., додека на ден 26.04.2021 година, донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола за 2020 година Бр.09-40/14 од 26.04.2021 год.

Со почит,

Прилог: -

- Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво Бр.09-03/10 од 29.01.2019год.
- Решение за именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола Бр.09-03/11 од 29.01.2019год.
- Програмата за превенција на детско претстапништво 2020 година Бр.09-20/10 од 09.03.2020 год.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 148/2013), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата оджана на 29.01.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво

Член 1

Се формира Општински совет за превенција на детско престапништво во Општината Битола.

Член 2

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво се состои од 27 члена.

Член 3

За членови на Општинскиот совет на детско престапништво се именуваат претставници од:

- Подрачна единица на Минисерството за внатрешни работи (1)
- Подрачна единица на Министерството за труд и социјална политика Битола (1)
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола (1)
- Советот на родители/или/от во основните училишта (од секое училиште по еден претставник (12 ) и од средните училишта, по еден претставник ( 6 )
- Унијата на средношколци (1)
- Адвокатската комора (1)
- Здруженија на граѓани и фондации (кои работат на полето на заштитата и правата на децата (1)
- Јавен обвинител кој работи на областа на детската деликвенција(1)
- Судија за деца од судовите од општа надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот (1)
- медиуми (1).

Член 4

Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

Член 5

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво донесува:

- Годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на Општината;
- Деловник за работа на Општинскиот совет;
- Врши работи за следење на сосотојбите и покренува иницијативи за нивното подобрување и предлага програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на децата сторители на дејствија што со закон се предвиденик како кривични дела и прекршоци.
- изготвува извештаи за својата работа кои најмалку еднаш годишно ги доставува до Советот на Општината Битола и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Член 6

Програмата на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво се финансира врз основа на финансиски план од Буџетот на Општината Битола и од други средства.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 09-03/10
29.01.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда за децата(„Сл.весник на РМ“ бр.148/2013), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата оджана на 29.01.2019 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за именување членови на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општината Битола

1. СЕ ИМЕНУВААТ следните лица за членови на Општинскиот совет за превенција на детското претстапништво на Општина Битола:

- Зоран Боцевски, од Подрачна единица на Минисерството за внатрешни работи;
-Соња Илијовска,од Подрачна единица на Министерството за труд и социјална политика;
- Нушка Димовска, од ЈУ Меѓуопштински центаро за социјална работа;
- Љубица М. Ристевска, од ОУ „Климент Охридски“
- Елизабета Димовска, од ОУ „Ѓорги Сугарев“;
- Билјана Поповска, од ОУ „Тодор Ангелевски“;
- Жанета Ристевска, од ОУ „Св. Кирил и Методиј“;
- Светлана Глигоровска, од ОУ „Коле Канински“;
- Марта Крстевска, од ОУ „Стив Наумов“;
- Игор Наумовски, од ОУ „Д-р Трифун Пановски“;
- Илија Василевски, од ОУ „Елпида Караманди“;
- Александар Димитровски, од ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица;
- Борче Лажијовски, од ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани;
- Елена Милосевска, од ОУ „Гоце Делчев“;
- Биљана Додовска Ѓорѓиев, од ОУ „Даме Груев“;
- Славчо Марковски, Гимназија „Јосип Броз Тито“;
- Марија Јовановска, СОУ „Таки Даскало“;
- Анета Ристевска, СОЕУ „Јане Сандански“;
- Мирослав Стојанов, СОЕМУ „Ѓорги Наумов“;
- Фросина Тристовска, СОМУ „Д-р Јован Калаузи“;
- Филиповска Марија, СОЗУ „Кузман Шапкарев“.
- Аделина Фејзула, од Унијата на средношколци;
- Митко Бошевски, од Адвокатската комора;
- Ирена Стојчевска, од здруженија на граѓани и фондации;
-Жулиета Карова-Бошевска, јавен обвинител кој работи на оласта на малолетничката деликвенција;
- Мери Радевска, судија за малолетници и
- Стево Башуровски, од медиумите.

2.Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 09-03/11
29.01.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда за децата („Службен весник на РМ“ бр.148/13), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2020 год., донесе

# ПРОГРАМА
## за превенција на детско престапништво 2020 година

### Вовед

Обично, детското престапништво следи траекторија слична на онаа на нормалниот развој на адолесценцијата. Со други зборови, децата и младите имаат тенденција да следат пат кон деликвентно и престапничко однесување, наместо да се упаднат во тоа случајно. Истражувањата покажуваат дека постојат два вида на детски престапници, оние кај кои започнува сериозното антисоцијално однесување во раното детство и оние кај кои овој почеток се совпаѓа со влегувањето во адолесценција. Во секој случај, овие развојни патеки им даваат можност на семејствата, заедниците и системите да интервенираат и да спречат појава на антисоцијални однесувања и вклученост на правосудниот систем.

Рана интервенција спречува појавата на деликвентно однесување и го поддржува развојот на средствата и отпорноста на младите. Додека многу минати пристапи се фокусираат на санирање на видното и / или долгогодишно нарушување на однесувањето, истражувањето покажа дека превенцијата и раната интервенција се поефикасни.

Во суштина, интервенирањето рано „не само што ги спасува младите животи од залудно да се потрошени“, туку исто така го спречува почетокот на криминални кариери и ја намалува веројатноста младите да станат сериозни и насилни сторители.

Токму поради ова а и многу повеќе во општина Битола е формиран совет за превенција на детско престапништво, како алатка која што ќе претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат престапничките ризици кај младите. Со програмата општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Битола се стреми кон намалување на претстапничките појави и однесувања кај децата односно младите лица и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината.

Програмата за превенција на детско престапништво на општина Битола за 2020 година дефинира повеќе приоритетни активности од областа на превенција на детско престапништво, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната добробит на децата во Општина Битола, град во кој има 17833 лица под 19 годишна возраст односно во кој 19,5% од населението се малолетници.

## Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Оваа програма произлегува врз основа на член 159 од Законот за правда за децата објавен во „Службен весник на Р.М." бр.148/2013 и Врз основа на член 158 иод Законот за правда за децата објавен во „Службен весник на Р.М." бр.148/2013, како и член 36 од Законот за локалната самоуправа објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 05/02 и член 70 од Статутот на Општината Битола објавен во „Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08. Се составува врз основа на одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво на совет на Општина Битола објавена во службен гласник на Општина Битола Број 1, година L од 31.01.2019.

## Цели на програмата

Детското престапништво е верен придружник на секое општество. Се јавува скоро во сите социјални системи и денес нема држава во која не претставува значаен социјален и правен проблем. Детското престапништво, по својата структура и социјална опасност, се приближи до злосторството кај возрасните. Особено загрижува е фактот дека повторното појавување на детски престапници е во пораст, што укажува на неефективноста на постојните социјални и криминални мерки за борба против детското престапништво и потребата од изнаоѓање на нови и поефикасни начини за реагирање на овој засилен негативен социјален феномен. Затоа, политиката на борба против криминалот треба да го реши прашањето за детското престапништво, бидејќи во голема мерка го спречува развојот на секое општество, со оглед на важноста на младите за просперитетот на општеството како целина.

За борба против детското престапништво и врсничко насилство, превенцијата е еден од најважните чекори - добри примери и работата на професионалци со мали деца на училишна возраст.

Основна цел на програмата за превенција на детското престапништво на територија на општина Битола е превенција на детско престапништво, односно сузбивање на веќе постоечки ситуации, враќање на децата на правилен пат како и спречување на нови деца да тргнат по пат на престапништво.

Целта на оваа програма е спречување на деструктивен облик на однесување кај децата и наше превентивно делување заради зголемениот пораст на деца со вакво поведение кои докажаа дека детското престапништво е општествен проблем.

Општите цели на оваа програма се:

1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на територијата на општината
2. Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за постоечкиот и растечки проблем со малолетничката деликвенција
3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на национално, регионално и локално ниво.

## Вредности и принципи на програмата

Вредности и принципи врз кои се темели програмата на Општински совет за превенција на детско престапништво ( ОСПДПБ) на општина Битола:

- Најдобри интереси на децата
- Еднаквост
- Достапност
- Заштита
- Учество
- Грижа
- Родова и полова сензитивност
- Континуитет на заштита

## Улога на совет, градоначалник и локална самоуправа при реализирање на Програма за превенција на детското престапништво

Советот на Општина Битола ја усвојува оваа Програма со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеаат во Општина Битола. Со оваа Програма ќе се реализираат потребите за превенција на детско престапништво на општина Битола.

Градоначалникот и Советот на Општина Битола се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на децата во ризик од детско престапништво.

Програмата е изгодвена врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа и се дава на усвојување на Советот на Општина Битола.

Активности за реализација на програма за социјална заштита на општина Битола 2020 година

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2020 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во три основни ставки, како што следува:

1. Соработка на општинскиот совет за превенција од детско престапништво со основните и средни училишта во Општина Битола, соработка со невладиниот сектор, соработка со психолошко-педагошката служба со цел активно вклучување во превенција од малолетничко престапништво.
2. Организирање на едукативни работилници и средби со содржини за самозаштита на деца од малолетничкото престапништво во детските градинки, основите и средните училишта
3. Подигање на свеста за проблемот на малолетничкото престапништво преку јавни настапи, дебати, промоција и активности насочени кон тоа поле со деца, родители наставници, педагози, психолози, полициски персонал, социјални работници и други чинители во предметната институција

# Акционен план

| | Активност | Цел | Опис на активност | Вклучени институции | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Соработка | Соработка на општинскиот совет за превенција од детско престапништво со основните и средни училишта во Општина Битола, соработка со невладиниот сектор, соработка со психолошко-педагошката служба со цел активно вклучување во превенција од малолетничко претстапништво. | Прибирање и анализа на податоци, одредување на моментална состојба и фактрои на ризик | ОСПДПБ , основните и средни училишта во Општина Битола, соработка со невладиниот сектор, соработка со психолошко-педагошката служба, ЦСР, судот, СВР | 2020 | 40.000 | Број на податоци прибрани, број на лица и институции вклучени, број на фактори одредени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Организирање | Организирање на едукативни работилници и средби со содржини за самозаштита на деца од малолетничкото престапништво во детските градинки, основите и средните училишта | Организирање на едукативни работилници за пооделни целни групи И ПРАШАЊА | ОСПДПБ , основните и средни училишта во Општина Битола, соработка со невладиниот сектор, соработка со психолошко-педагошката служба, ЦСР, судот, СВР | 2020 | 80.000 | Број на лица и институции вклучени, број на работилници и средби одржани |
| 3 | Подигање на свеста | Подигање на свеста за проблемот на малолетничкото престапништво преку јавни настапи, дебати, промоција и активности насочени кон тоа поле со деца, родителим наставници, педагози, психолози, полициски персонал, социјални работници и други чинители во предметната иситуација | Одржување на јавни расправи, трибини, дебати, контактни емисии на локални медиуми кои ќе имаат тематски пристап | ОСПДПБ , основните и средни училишта во Општина Битола, соработка со невладиниот сектор, соработка со психолошко-педагошката служба, ЦСР, судот, СВР | 2020 | 60.000 | Број на лица и институции вклучени, број на работилници и средби одржани , број на акции спроведени , број на медиумски настапи |

Прилог 1

| Ред.бр | Шифра | Субвенции и трансфери | износ |
|---|---|---|---|
| | 425 920 | печатење | 40.000 ден |
| | 425 970 | Консултативни услуги | 60.000 ден |
| | 426 310 | -Семинари, обуки | 80.000 ден |
| | | Вкупно | 180.000 ден |

Бр 09-20/10
09.03.2020 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 148/2013), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.04.2021 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Годишниот извештај за работата на општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Битола
за 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата на општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Битола за 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 09-40/14
26.04.2021 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Битола
Валентин Груевски

**Подготвил:**
Општински совет за
превенција на детско
престапништво ( ОСПДПБ)
на Општина Битола

**Разгледува:**
Комисија за јавни дејности

**Донесува:**
Совет на ОпштинаБитола

**Претставник на комисијата:**
Марија Филиповска
(претседател на ОСПДПБ)
м-р Виолета Налевска
м-р Снежана Петровска

ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2020 ГОДИНА



Март, 2021

## 1. ВОВЕД

Извештајот дава осврт на работата на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола во понатамошниот текст ОСПДПБ во текот на 2020 година и предлага решенија кои ќе ја подобрат неговата работа.

На 17.02.2020год. во просториите на Општина Битола – Сала на Совет на Општина Битола се одржа првата конститутивна седница на ОСПДПБ на која најпрво членовите на советот беа запознаени со значењето и улогата на Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Битола. На оваа седница беа избрани претседавачот и заменик претседавачот и секретарот. Исто така беше усвоен предлог Деловникот за работа на ОСПДПБ како и програмата за работа за 2020год.

Клучниот предизвик со кој се соочи ОСПДПБ беше прогласувањето на пандемија во Р. С. Македонија во март месец, воведувањето на карантин на цела територија на Р.С.Македонија и целосното затворање на училиштата и дел од останатите институции. Па така планираните активности не можеја да се изработат во време и облик кој беше предвиден во програмата за работа на ОСПДПБ за 2020год.

Во текот на 2020година ОСПДПБ работеше во полн состав од 27 члена.

## *2. СТРУКТУРА на ОСПДПБ*

### *2.1.* Членови на ОСПДПБ

Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола е составен од 27 члена кои ги избира Советот на Општина Битола со мандат од пет години, со право на повторен избор од кои:

- еден член од Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи
- еден член од Подрачната единица на Министерството за труд и социјална политика Битола
- еден член од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола
- двенесет члена од Совет на родители/или од основните училишта (од секое училиште по еден претставник)
- шест члена од Совет на родители/или од средните училишта (од секое училиште по еден претставник)
- еден член од Унија на средношколци
- еден член од Адвокатска комора
- еден член од Здруженија на граѓани и фондации (кои работат на полето на заштита и правата на децата)
- еден член Јавен обвинител кој работи на областа на детската деликвенција

- еден член од Судија за деца од судовите од општа надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот
- еден член од Медиумите

## 2.2. Надлежности на ОСПДПБ се:

- Подготовка на Годишни програми за својата работа што ја усвојува Советот на Општина Битола.
- Донесува Деловник за работа на Општинскиот совет.
- Врши работа за следење на состојбите и покренува иницијатива за нивно подобрување и предлага програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детско престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.
- Изготвува извештаи за својата работа кои најмалку еднаш годишно ги доставува до Советот на општина Битола и Државниот совет за превенција на детско престапништво,
- Програмата на *ОСПДПБ* се финансира врз основа на финансиски план од Буџетот на Општината Битола и од други средства

## *3. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТИ И СТРАТЕШКИ ПЛАН*

Согласно Програмата за работа на ***ОСПДПБ*** и новонастаната вонредна ситуација – прогласување на пандемија во Р.С. Македонија, во 2020 година реализирани се следните активности:

- Според прграмата за работа и усвоениот акционен план се започна со собирање на податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола, Подрачна единица на Министерство за внатрешни работи - Битола и сите основни и средни училишта во Битола и направена е анализа на добиените податоци односно одредување на моменталната состојба на територија на Битола за:
  1. Деца извршители некој вид на престапништво и кој вид
  2. Деца под ризик
  3. Деца со рецидив во прстапничкото однесувањето
  4. Фактрори на ризик
  5. Стапката на кои престапништва е највисока.

- Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола, по повод одбележување на Денот на Детските права -20 Ноември, заедно со учениците и психологот од СОУ Гимназија „Ј.Б. Тито“ – Битола која воедно е и член на ОСПДПБ на ден **20.11.2020год. и 23.11.2020год.**, организира он лајн настан „Средношколците во служба на основците, затоа што заедно сме посилни“ на тема “Булиг, како да се препознае, каде

да се пријави и како да се превенира„ за основните училишта. Поради големиот интерес се организираа два настани во различни денови.

Целта на одбележувањето на Светскиот ден на детето беше да овозможи да се слушне гласот на децата и тие да укажат на најголемите предизвици со кои се соочуваат во денешницата. Сите заедно да го крениме гласот и помогнеме за да се спасат детските животи; да помогнеме на децата да се борат за своите права и да го остварат својот потенцијал.

- Учество на две дебати кои беа организирани по повод патроните празници на ОУ „Св. Климент Охридски"- Битола на 08 Декември и ОУ „Даме Груев" – Битола на 23 Декември, теми на дебатите беа „Булинг" и „On line настава – предизвици" со посебен осврт на сајбер насилството.

**Сите останати активности кои беа предвидени со програмата на ОСПДПБ 2020 не беа реализирани порад прогласувањето на пандемија во Р.С.Македонија и забраната за организирање на настани со физичко присуство.**

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-346/6
03.09.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот со поддршка од УНИЦЕФ со број 41-346/1 од 17.08.2021 за пристап до информација:

- Прашањето е фотокопирано на следната страна

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од
јавен карактер
Цветанка Ристевска